iute pay

# СТУДЕНТСКИ ИНОВАЦИСКИ ПРЕДИЗВИК



## СТУДЕНТСКИ БРИФ - Сè што ти треба за да започнеш

**Замисли го ова**
Твоите финансии 24/7 на твојот телефон. Отворање сметка и дигитална картичка, трансфери дома и надвор, QR плаќања — без филијали, без хартија, без редици. Ова веќе е реалност во Европа. Сега станува реалност и кај нас.
Првпат во Македонија започнуваат со работа институции за електронски пари (electronic money institutions / EMI / дигитални паричници) — нова категорија компании кои целосно ќе го променат начинот на кој луѓето плаќаат и ги користат своите пари.
Сега е твој ред да дефинираш како ќе изгледа и ќе се доживее ова искуство.

**Iute Pay** е дел од естонската Iute Group — дигитална банкарска групација основана во 2008 во Талин, со присуство во Југоисточна Европа. Над 1.000 вработени, 265.000+ активни корисници. Лиценцирана од НБРСМ за издавање електронски пари и давање платежни услуги.

**Iute еко-систем во Македонија**

- **Iute Pay** — институција за електронски пари, дигитален паричник, платежна сметка, QR плаќања, бескартични АТМ
- **Iute Credit** — лични финансии, buy now pay later модел преку 800+ партнери и 100+ е-продавници
- **Iute Safe** — дигитално осигурително брокерство
- **iutePlus** — програма за лојалност со бонус поени
- **Myiute апликација** — центарот на целиот еко-систем

**ТВОЈАТА МИСИЈА**
Дизајнирај како луѓето ќе го доживуваат Iute Pay.
Не ни требаат теории. Ни треба реална, употреблива, вирална, примамлива идеја.

**ШТО Е ВАЖНО ЗА ТЕБЕ?**
Ова не е само продукт. Ова е нов начин на живот. И затоа ти не си само учесник.
Ти си ко-креатор
Ти си некој што кажува „вака треба да изгледа“
Ти си генерацијата што ја обликува оваа промена

### Која е твојата задача!
### Build the future of Iute Pay. Design it. Prototype it. Launch it like it’s real.

**1.Pitch your idea in 60-seconds, направи тимско видео**

Пичирај ја твојата идеја, објасни ја накратко. Како би направил Iute Pay да стане MUST-HAVE за Gen Z за 30 дена? Покажи проблем + решение во реален живот. Само ти,

твојата идеја и 60 секунди да нè убедиш. Покажи ни што би променил во дигиталните плаќања. Биди креативен – нема правила. Продади ја идејата како да е веќе продукт: Hook, проблем, решение и call to action. Не бараме совршенство, идејата е поважна од продукцијата. Бараме идеја што има потенцијал. That's it.
Направи да изгледа shareable (reel, анимација...)

**2.PPT/PDF презентација (макс. 10 слајдови)**
**IDEA SNAPSHOT**
- Која е твојата идеја?
- Кој проблем решава?

**USER STORY**
Раскажи кратка приказна:
- Кој е корисникот?
- Со кои проблеми се соочува?
- Како твојата идеја му го решава тоа?

Направи да звучи реално.

**MOCKUP / PROTOTYPE**
Figma, Canva или друга AI платформа за дизајн
Не бараме совршенство — туку:
како изгледа?
што гледа корисникот?
како го користи?

**FEATURE DROP**
Предложи неколку функционалности на дигиталниот паричник:
keep it simple & smart

GO-TO-MARKET IDEA
Како ова ќе стане вирално?
Избери пристап:
- challenge
- кампања
- collab

**На што да се фокусираш:**
- **Комуникациски концепт** — како да го објасниш дигиталниот паричник како категоријата на корисниците, зошто да веруваат, што е различно од банка
- **Бренд и тон на глас** — комуникација на брендот: формален или Gen Z? Формален или разигран?
- **Идеи за кампања** — Big Idea, предлог канали (SoMe, outdoor, guerrilla), клучни пораки
- **User Adoption** — first-use тригери (P2P, cashback), viral loops, referral модели
- **Бизнис логика** — проблем, решение, пазарен потенцијал, план за имплементација

Целна група и клучни предизвици
**Фокус**: Gen Z и млади Millennials (18–35), mobile-first корисници кои ценат брзина, едноставност и контрола.
**Твоја мисија: make the product simple, relevant, and a must-have.**

**„Ова не е само бизнис предизвик. Ова е можност да дефинираш како ќе функционираат парите во иднина. Да влијаеш на тоа како луѓето ќе плаќаат, ќе комуницираат и ќе веруваат во дигиталните финансиски услуги.“**